**Коментари на ДТУ МТЕЛ ДООЕЛ Скопје на четвртата анализа на пазар за пристап и започнување на услуги во јавни мобилни електронски комуникациски мрежи објавена од страна на АЕК**

1. Она што може да се забележи во ова анализа и покрај утврдената исполнетост на Три критериум тестот уште во третата анализа на пазарот од 2020 година (во прилог), сеуште и денес односно и понатаму мобилните оператори кои имаат доминантна позиција на пазарот имаат поединечно повеќе од 40% од пазарниот удел, односно заеднички повеќе од 80% од пазарниот удел. Од наведеното можеме да дојдеме до заклучок дека за периодот од 5 години помеѓу двете анализи воопшто не е намален уделот на доминантните оператори што почажува дека пазарот е високо поларизиран и не се стреми кон ефикасна конкуренција.

   Од друга страна, сите останати учесници на пазарот, односно алтернативни мобилни виртелни оператори во периодот од 5 години заедно не успеале да надминат ниту 5-6 % од пазарниот удел.

   Сметаме дека без продлабочување на обврските кои произлегуваат од таа доминација тешко е да се очекува дека ќе се намали високата концентрација на пазарот. Како една од предлог мерките која би била од особено значење и би дала резултат е наметнување на значително намалување на цените по единица податочна услуга која доминантните оператори ја нудат на МВМО.

   За потврда на сето ова говори и направената споредбена анализа на европските пазари, според која просечниот пазарен удел за МВМО-ата во Европа не е единечен број, туку е дво-цифрен и варира во зависност од земјата, при што во некои земји како Велика Британија и Данска МВМО-ата имаат пазарен удел над 15% па дури и над 30%. Генерално, Европа е водечки пазар за МВМО-ата, при што земји како Германија и Велика Британија покажуваат значителна пенетрација на пазарот, а многу корисници покажуваат преференца за МВМО-ата поради фактори како што се флексибилни, нискобуџетни планови и понуди со голема количина на вклучен мобилен интернет.

2. Една од поконкурентните понуди кои се нудат во моментов на малопродажниот пазар од страна на операторите се состои од месечен припејд интернет пакет за 599 денари со 60 GB и 6GB во роаминг, што дава просечена цена за 1 GB значително под 10 денари или некаде помеѓу 5 и 10 денари (0,08 €), односно околу 0,005 денари за 1 MB или 0,00005 денари за 10 KB. Од тука очекувано е регулацијата да наметне големопродажна цена која ќе биде значително помала од оваа цена со цел да се остави доволно маргина за креирање на конкуретна малопродажна цена без да се креираат загуби на страна на МВМО.

   За споредба во моментов понудената големопродажна цена од доминантните оператори спрема МВМО операторите во одредени ситуации е поголема за 4 до 5 пати од нивната малопродажна цена. Иако не е пракса во ЕУ да се регулира ова прашање, сепак имајќи ја во предвид специфичноста на пазарот во РСМ кој е значително концентриран и дуополот на доминантните оператори речиси една цела декада, очекуваме поголем ангажман од АЕК во врска со ова прашање, со крајна цел наметнување на соодветна регулација.



www.aek.mk
ул. „Кеј Димитар Влахов" бр.21
1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Споредбените анализи покажуваат дека прифатлива цена која што МВМО ја плаќа во развиени и високо конкурентни пазари најчесто се движи од 2–5 € за 100 GB, односно <0.05 € по 1 GB. Аналогно, овој тренд на значително намалување на цените треба да се однесува и на постојните големопродажни цени за говор и СМС.

3. Во насока на сето горенаведено, токму и АЕК наведува дека доминантните оператори на пазарот не се соочуваат со трошоци слични на оние со кои се соочуваат предизвикувачите на пазарот односно значително послабите МВМО оператори, бидејќи и двата доминантни оператори имаат добро развиена инфраструктура на целата територија на државата.

   Така по примерите на високо развиените и конкурентни европски пазари, предлагаме за доминантните мобилни мрежни оператори да се воведат и следниве дополнителни обврски, како:

а. Обврска за недискриминаторски услови и SLA за капацитет, QoS, QoE, приоритет на патеки и support, со санкции за прекршувања.

**Одговор на Агенцијата за електронски комуникации:**

*Во врска со предлогот од погоре за наметнување на обврски за недискриминаторски услови Агенцијата сака да Ве информира дека согласно новата анализа на пазарот за Пристап и започнување на услуги во јавни електронски мобилни комуникациски мрежи на операторите кои што се определени за оператори со значителна пазарна моќ им е наметната обврската за недискриминација при интерконекција и пристап.*

*Наметната обврска е пропишана во член 96 од Законот за електронски комуникации и во истата е наведено дека определениот оператор со значителна пазарна моќ ќе применува еквивалентни услови во еквивалентни околности за другите оператори кои даваат исти услуги и ќе им обезбеди услуги и информации на другите оператори под истите услови и со ист квалитет како оние што ги обезбедува за сопствените услуги или оние за неговите подружници или партнери.*

*Агенцијата смета дека оваа наметната обврска ги содржи сите услови кои што се наведени во вашиот предлог.*

б. Поредовна анализа на релевантниот пазар, барем на секои 12-24 месеци наместо на 5 години и почесто применување на одредби за одделно сметководство, контрола на трансферни цени и мерки за спречување на margin squeeze.

**Одговор на Агенцијата за електронски комуникации:**

*Во врска со предлогот за изготвување на поредовни анализи на релевантниот пазар, Агенцијата Ве известува дека согласно член 89 од Законот за електронски комуникации – Преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги, Агенцијата во определени временски периоди кои не можат да бидат подолги од три години во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, е должна да го преиспита утврдениот релевантен пазар на производи и услуги.*

*Во одредени случаи кога пазарните услови го наметнуваат тоа (како на пример влез на нов оператор на пазарот, спојување на некои оператори, итн.) Агенцијата преиспитува определен релевантен пазар во пократок временски период како би се овозможило непречено функционирање на пазарот на електронски комуникации сепак таквата анализа би можела да доведе до зголемување на рокот за преиспитување на останатите пазари.*

*Исто така Агенцијата Ве известува дека од изработената втора анализа на пазарот за пристап и започнување на услуги во јавни електронски мобилни комуникациски мрежи која што беше изготвена во 2016 година до ден денес двата оператори Македонски Телеком и тогашен Оне. Вип (сегашен А1 Македонија) кои што се определени за оператори со значителна пазарна моќ имаат наметната обврска за посебно сметководство при интерконеција и пристап.*

*Агенцијата смета дека наметната обврска ги содржи вашите предлози од точка б*

в. Воведување на значително побрз механизам за решавање спорови кои настануваат помеѓу МВМО и ММО како давател на пристап (fast-track dispute resolution), односно воведување на делумно арбитражни рокови, временски лимити за технички интеграции и слично.

**Одговор на Агенцијата за електронски комуникации:**

*Во врска со вашиот предлог наведен во точката в) погоре во текстот, Агенцијата сака да Ве извести дека согласно член 52 од Законот за електронските комуникации Агенцијата води постапка за решавање на спорови помеѓу оператори. Во став 7 од истиот член е пропишано дека Агенцијата е должна да го реши спорот во најкраток можен временски рок, а најдоцна во рок од два месеци од денот на започнувањето на постапката за решавање на спорот, освен во исклучителни околности кога истиот може да биде продолжен.*

*Во согласност со сето погоренаведено Агенцијата Ве известува дека доколку биде покренат одреден спор од страна на некој од операторите истата ќе го реши во согласност со одредбите наведени во Законот.*

г. Разгледување на можноста за воведување на концептот "Eat as You can", како варијанта МВМО да добие неограничена количина за користење на мобилни услуги од ММО за одреден периодичен и трошковно-базиран надомест регулиран од страна на АЕК. Ова особено е важно за услугите на мобилен интернет.

**Одговор на Агенцијата за електронски комуникации:**

*Агенцијата Ве известува дека согласно последната анализа на пазарот за Пристап и започнување на услиги во јавни мобилни комуникациски мрежи на операторите со значителна пазарна моќ им наметна обврска за контрола на цени и водење на сметководство на трошоци која што е пропишана во член 99 од Законот.*

*Во истата обврска е пропишано дека АЕК може да им наметне обврски на операторите со значителна пазарна моќ во врска со повраток на трошоците и контрола на цени вклучувајќи и обврски за цени базирани на трошоци. Операторот на кого му е наменета обврската за цени ориентирани на трошоци, го сноси товарот на докажување дека цените на неговите услуги*

*произлегуваат од трошоците и дека истите вклучуваат разумна стапка на поврат на инвестициите. При одобрување на референтната понуда на операторите со значителна пазарна моќ, АЕК ќе побара од истите да обезбедат целосна оправданост на цените на големопродажните услуги, односно дали истите се во согласност со ЗЕК, релевантните правилници и трошковни методологии кои се разработени од страна на АЕК.*

*Во програмата за работа на Агенцијата за 2026 година е наведена гореспоменатата активност за контрола на цени за интерконеција и пристап но сепак треба да се напомене дека Агенцијата не ги регулира надоместоците за пакетите кои што МВМО операторите би можеле да ги добијат во нивните преговори со ММО операторите*

Како предлог за начин на кој би се мерел успехот на предложените идни регулативни мерки за намалување на концентрацијата на пазарот за мобилни комуникации, предлагаме АЕК на пократки временски интервали да го проценува и објавува растот на комбиниран МВМО пазарен удел (во проценти) како и да го следи и објавува бројот на спорни случаи кои би настанале помеѓу ММО и МВМО со засилен и проактивен мониторинг исто така на квартална основа. Така, во секој случај кога бројот на спорови расте и комбинираниот пазарен удел на МВМО не расте на полугодишно ниво, АЕК да може да воведе и дополнителни мерки на страна на ММО и тоа најмалку два пати годишно.

**Одговор на Агенцијата за електронски комуникации:**

Агенцијата за електронски комуникации Ве известува дека редовно го следи развојот на пазарот за пристап и започнување на услуги во јавни мобилни комуникациски мрежи а во анализите кои што се изготвуваат и објавуваат на веб страна на Агенцијата, во согласност со Законот за електронските комуникации, го објавува растот и движењето на сите оператори по различни параметри. Исто така Агенцијата во согласност со член 52 став 9 од Законот за електронски комуникации јавно ги објавува и одлуките во врска со покренатите спорови. Доколку Агенцијата процени дека анализите на пазарните услови како и поведените спорови покажат дека има потреба од дополнителна регулација на релевантен пазар, таа истото ќе го спроведе во согласност со Законските одредби

Раководител на Одделение за Анализа на пазарите : ____________

Раководител на Сектор за регулатива: ____________

Директор

____________

Изработено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 4. 1302-483
Скопје, 22.12.2025 година